Република Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО
ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ
Бр. 01-1559/3
26.12.2016 год.
СКОПЈЕ

Република Македонија

Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 2017 ГОДИНА

Скопје, декември 2016 година

Содржина

I. Вовед ....................................................................................................4

II. Финансиски план за 2017 година ..................................................6

1. Планирани приходи ..............................................................................6

1.1 Месечен надомест од придонеси ...............................................6

1.2 Административни надоместоци ...............................................6

1.3 Приходи од камати ......................................................................6

2. Планирани расходи ................................................................................7

2.1 Потрошени материјали ................................................................7

2.2 Потрошена енергија и комунални услуги ...............................7

2.3 Инвестиционо одржување на средствата ..............................7

2.4 Други услуги ....................................................................................8

2.5 Превозни – транспортни услуги .................................................9

2.6 Издатоци за реклама и репрезентација ..................................9

2.7 Наемнини (закупнини) .................................................................9

2.8 Други материјални услуги ..........................................................10

2.9 Провизија за платен промет ......................................................10

2.10 Премии за осигурување .............................................................11

2.11 Патни и дневни расходи ............................................................11

2.12 Членарини .....................................................................................11

2.13 Интелектуални и други услуги ................................................12

2.14 Останати други расходи ............................................................12

2.15 Средства за градежни објекти ........ 13

2.16 Средства за опрема ........ 13

2.17 Други капитални средства ........ 14

2.18 Вкалкулирани плати и надоместоци ........ 14

2.19 Даноци и придонеси кои не зависат од резултат ........ 14

3. Финансиски резултат ........ 15

III. Расходи кои ќе се покријат од резервен фонд ........ 16

Прилог 1 Аналитички преглед на приходи и расходи ........ 17

Прилог 2 Финансиски резултат ........ 23

Прилог 3 Расходи кои ќе се покријат од резервен фонд ........ 23

# Финансиски план за 2017 година на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)

## I. Вовед

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во натамошниот текст: Агенцијата) е самостојно и независно регулаторно тело формирано врз основа на Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113 /2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 164/2013, 44/2014, 192/2015 и 30/2016) (во натамошниот текст: Законот).

Согласно член 46 од Законот, Агенцијата има својство на правно лице со јавни овластувања утврдени со овој закон и со статут. Орган на управување и надзор на Агенцијата е Советот на експерти, а за својата работа одговара пред Собранието на Република Македонија. Целта на нејзиното основање е заштита на интересите на членовите на пензиските фондови и поттикнување на развојот на капитално финансираното пензиско осигурување. Агенцијата е основана заради вршење супервизија на работењето на друштвата за управување со задолжителни пензиски фондови, друштвата за управување со доброволни пензиски фондови и друштвата за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови (во натамошниот текст: пензиските друштва) и задолжителните и доброволните пензиски фондови ( во натамошниот текст: пензиските фондови).

Согласно член 47 од Законот, Агенцијата е надлежна да:

- издава, повлекува и одзема дозволи за основање пензиски друштва и одобренија за управување со задолжителни и/или доброволни пензиски фондови;

- врши супервизија на работењето на пензиските друштва и пензиските фондови со кои тие управуваат, како и на чуварите на средствата на пензиските фондови и на странските менаџери на средства;

- промовира, организира и го поттикнува развојот на капитално финансираното пензиско осигурување во Република Македонија, во соработка со Министерството

за труд и социјална политика и да ја развива свеста на јавноста за целите и принципите на пензиските друштва и на пензиски фондови;

- донесува акти согласно Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци во капитално финансираното пензиско осигурување, како и стручни упатства, прирачници и слично, во врска со капитално финансираното пензиско осигурување и да иницира донесување на прописи и други акти во врска со пензиските друштва и пензиските фондови со кои тие управуваат.

Работењето на Агенцијата согласно член 56 став (3) од Законот се финансира од надоместоците кои Агенцијата ги наплатува од пензиските друштва (месечен надоместок од секое пензиско друштво и административни надоместоци). Согласност за висината на надоместоците дава Собранието на Република Македонија врз основа на предлог утврден од страна на Советот на експерти на Агенцијата.

Износот на месечниот надоместок што го наплаќа Агенцијата, од пензиските друштва, се определува врз основа на анализа на потребите на Агенцијата за оптимално извршување на пропишаните надлежности и со почитување на принципот на минимизирање на расходите. Во таа насока, забележан е тренд на намалување на висината на надоместокот од 1,5% во 2006 и 2007 година на 1% во 2008 и 2009 година и на 0,8% во 2010, 2011, 2012, 2013, 2014, 2015 и 2016 година. Висина на месечниот надоместок од 0,8% од вкупните придонеси, уплатени во претходниот месец во секој пензиски фонд со кој управува пензиското друштво, се планира и за 2017 година.

*Предлог финансискиот план на Агенцијата за 2017 година е утврден врз основа на:*

- Реализација на Финансискиот план за 2016 година.

- Очекувани надоместоци и други приходи во 2017 година.

- Реализирање на започнати активности и нови активности според годишната програма за работата на Агенцијата за 2017 година и

- Планирани расходи за 2017 година.

# I I. ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА 2017 ГОДИНА

Врз основа на претходно наведените претпоставки, за 2017 година се планираат следните приходи и расходи на Агенцијата.

## *1. ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ*

Во текот на 2017 година се планира Агенцијата да оствари вкупно приходи во износ од 47.149.000 денари, нивната структура според изворите на средства е следна:

| | |
|---|---|
| **1.1 Надомест од придонеси од пензиски друштва** | 43.889.000 денари |
| **1.2 Административни** надоместоци | 2.600.000 денари |
| **1.3 Приходи од камати** | 660.000 денари |
| ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ | 47.149.000 денари |

Планираниот износ на приходи од придонеси од пензиски друштва од 43.889.000 денари се очекува да се реализира со наплата на месечен надомест од пензиските друштва од 0,8% од вкупните придонеси, уплатени во претходниот месец во секој пензиски фонд со кој управува пензиското друштво. Планираните приходи од месечен надомест се пресметани врз основа на придонеси проектирани со актуарските проекции од Фондот за ПИОМ за 2017 година.

Износот од 2.600.000 денари претставуваат приходи врз основа на административни надоместоци чија што висина се проектира на приближно еднакво ниво кое што беше реализирано во претходните години.

Износот од 660.000 денари се планирани приходи од камати кои Агенцијата очекува да ги наплати од орочените депозити од резервниот фонд во одделни банки, согласно Одлуката за распределба и вложување на вишокот на приходи на Агенцијата.

## *2. ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ*

При планирањето на трошоците за работењето на Агенцијата за 2017 година, се имаше во предвид рационално трошење на потребните средства за квалитетно, ефикасно и континуирано извршување на задачите, обврските и надлежностите на Агенцијата кои произлегуваат од Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување.

Вкупните расходи за 2017 година се планира да изнесуваат 46.834.510 денари и се планира да бидат искористени за следните потреби:

### 2.1 Потрошени материјали

За набавка на материјали кои се потребни за секојдневно непречено функционирање на Агенцијата, во 2017 година се планира да се потрошат 810.000 денари и тоа за набавка на:

- Гориво
- Канцелариски материјали
- Тонери
- Ситен инвентар

Планираните расходи за Потрошени материјали во 2017 година се повисоки за 8% во однос на планираните расходи по истиот основ за 2016 година.

### 2.2 Потрошена енергија и комунални услуги

За набавка на електрична енергија и плаќање на комунални услуги во 2017 година се планирани расходи во износ од 1.450.000 денари и тоа за:

- Електрична енергија
- Вода, други комунални трошоци и парно греење

Планираните расходи за Потрошена енергија и комунални услуги во 2017 година се еднакви со планираните расходи по истиот основ за 2016 година.

### 2.3 Инвестиционо одржување на средствата

Расходите за Инвестиционо одржување на средстата се однесуваат за набавка на резервна боца и ревизија на системот за пожар и учество во трошоците од Фондот за здравствено осигурување на Македонија за одржување на системот за греење и нова пумпа, со кој Агенцијата има потпишано спогодба за заедничко користење на потстаница и мрежа за снабдување со топлинска енергија, при што

Агенцијата учествува со 20% во сите трошоци. Тие трошоци се планира да изнесуваат 210.000 денари.

Во 2016 година беше планирано набавка на резервна боца и ревизија на системот за пожар, но не се реализира поради добиената повисока понуда од планираните средства за таа набавка.

### 2.4 Други услуги

Проценетите средства за таа категорија на расходи во вкупен износ од 4.380.000 денари се планира да се наменат за:

- Одржување на софтвер за архива
- Одржување на софтвер за сметководство
- Одржување на ИБМ хардверска опрема
- Услуги за секундарна локација
- Поштенски пратки
- Хигиенско одржување на простории
- Телефонски комуникациски услуги
- Услуги за печатење, копирање и ковертирање на писма
- Надомест за паркинг простор
- Одржување и сервисирање на возила
- Одржување на техничка опрема
- Поправки на деловен објект и
- Организирање на настани за потребите на Агенцијата

Планираните трошоци за Други услуги се за одржување на софтвер за архива и за сметководство и работни часови за одржување на тие софтвери од страна на надворешна фирма за информациска технологија. Одржувањето на ИБМ хардверска опрема подразбира нејзино редовно одржување, сервис и евентуалнаа замена на нефункционална опрема. Секундарната локација е потребна заради заштита на податоците и апликациите, како и заштита од нефункционирање на опрема или недостапност на примарната локација на информациските поставки. Притоа, се закупува комплетно решение од надворешен субјект на минимална оддалеченост од 100 км патно и 80 км воздушна оддалеченост од примарната локација. Имањето секундарна локација и опрема за информациски поставки е важна алка од системот за управување со безбедност на информации за авторизација и неотповикливост.

Планираните расходи за Други услуги во 2017 година се пониски за 28,49% во однос на планираните расходи по истиот основ за 2016 година поради тоа што трошоците за одржување на софтверот за втор и трет пензиски столб се планира да се покриат со средствата од Резервниот фонд на Агенцијата.

## 2.5 Превозни – транспортни услуги

За набавка на услуги за такси превоз за потребите на Агенцијата во 2017 година се планирани 120.000 денари.

Планираните расходи за Превозни – транспортни услуги во 2017 година се еднакви со планираните расходи по истиот основ за 2016 година.

## 2.6 Издатоци за реклама и репрезентација

За реклама и репрезентација во 2017 година се планирани расходи во износ од 1.000.000 денари наменети за :

- Репрезентација

- Услуги за рекламирање и печатење на рекламен материјал

Планираните расходи за Издатоци за реклама и репрезентација во 2017 година се поголеми за 8,7% во однос на планираните расходи по истиот основ за 2016 година. За 2017 година се планирани трошоци за рекламирање на Агенцијата со цел да се зајакне свеста на јавноста за целите и принципите на пензиските друштва и на задолжителните и доброволните пензиски фондови, за придобивките од членување во задолжителен и/или доброволен пензиски фонд, влучувајќи ги и целите, принципите и придобивките од учество во професионална пензиска шема на членовите на задолжителните и доброволните пензиски фондови и за други прашања во врска со капитално финансираното пензиско осигурување, а што е и законска обрврска на Агенцијата.

Во 2016 година реализацијата на планираните расходи за рекламирање беше во ниско ниво поради донесениот заклучок на Владата на Република Македонија за престанување на емитување на реклами во електронски и печатени медиуми, с'е до донесување на нова методологија за реклами.

## 2.7 Наемнини (закупнини)

За 2017 година се планирани расходи во износ од 1.080.000 денари за:

- Изнајмување на сали и амфитеатри

- Закуп на интернет линија

- Изнајмување на друга опрема и

- Наем (лизинг) на две возила

Планираните расходи за наемнини за 2017 година се повисоки за во однос на планираните расходи по истиот основ за 2016 година поради планирани средства за наем (лизинг) на две моторни возила. Агенцијата има потреба да ги смени возилата поради тоа што возилата кои ги поседува имаат големо трошење на компонентите и зголемување на потрошувачката на гориво што значајно влијае на нивната безбедност и, во крајна линија, придонесе за скратување на нивниот животен век и континуирано зголемување на трошоците за нивно редовно одржување. Агенцијата за одржување на возилата последните три години имаше вкупен трошок од 797.579 денари. По добиеното стручно мислење од овластениот сервис на возилата констатирано е дека моторот на двете возила троши повеќе масло од дозволено пропишаните норми, поради што е потребно возилата да се ремонтираат. Оваа интервенција би била поголема ставка на чинење, со оглед на тоа дека на двете возила претходно е направен ремонт на моторот. Возилата немаат можност за поправка и потребна е промена на главата од мотор, дигтунзи и вентили што би чинело околу 800.000 денари. Поради сето тоа, Агенцијата има потреба да набави преку лизинг две нови возила.

## 2.8 Други материјални услуги

На ставката Други материјални услуги се планирани расходи во износ од 490.000 денари за:

- Набавки на списанија, стручна литература, весници и слично
- Плаќање надоместок за размена на берзански податоци и благајна – материјални трошоци
- Трошоци за набавка на средства за хигиена
- Техничко и патролно обезбедување на просториите на Агенцијата
- Трошоци за регистрација и технички преглед на моторни возила и
- Услуги за дератизација и дезинфекција

Планираните расходи за Други материјални услуги за 2017 година се пониски за 16,95% во однос на планираните расходи за 2016 година, поради тоа што трошоците за Авто гуми во планот за 2017 година се планирани во трошоците за Одржување и сервисирање на возила.

## 2.9 Провизија за платен промет

Средствата од оваа расходна категорија изнесуваат 35.000 денари, а се однесуваат на провизија за платен промет и банкарска провизија за откуп на девизи.

Планираните расходи за Провизија за платен промет за 2017 година се повисоки за 16,67% во однос на планираните расходи по истиот основ за 2016 година.

## 2.10 Премии за осигурување

За 2017 година се планирани расходи во износ од 190.000 денари за:

- Осигурување на вработените во Агенцијата

- Патничко осигурување за службени патувања на вработените во странство

- Осигурување на деловен објект од незгоди и

- Осигурување на службени возила

Планираните расходи за Премии за осигурување за 2017 година се на исто ниво како планираните расходи за таа намена во 2016 година.

## 2.11 Патни и дневни расходи

Планираниот износ на трошоци за службени патувања во земјата и во странство е проценет на 1.250.000 денари Тие трошоци опфаќаат: трошоци за сместување, исхрана и за превоз (дневници за службено патување, трошоци за ноќевања и други трошоци поврзани со таквото патување) Дневниците за службени патувања во странство се уредуваат со Решение за највисоките износи на дневници за службени патувања и селидби во странство, трошоци што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци (Службен весник на РМ бр. 19/14 во примена од 01.01.2015 година).

Планираните расходи за Патни и дневни расходи за 2017 година се на исто ниво како планираните расходи по истиот основ за 2016 година.

## 2.12 Членарини

Се планира во текот на 2017 година Агенцијата да плати 468.000 денари за:

- Годишна членарина во ИОПС- Меѓународна организација на пензиски супервизори и

- Годишна членарина за Организација на работодавачи на Македонија и

-Годишна членарина за ИНФЕ –Меѓународна мрежа на финансиско образование и ОЕЦД – Организација за економска соработка и развој.

Планираните расходи за Членарини во 2017 година се поголеми за 22,83% во однос на планираните расходи по истиот основ за 2016 година поради тоа што од 2016 година Агенцијата е член во ИНФЕ-ОЕЦД за што има обврска да плати членарина за 2016 и за 2017 година.

## 2.13 Интелектуални и други услуги

Планираните расходи за интелектуални и други услуги за 2017 година се во износ од 2.194.510 денари. Се планира тие да се користат за плаќање на:

- Надомест за надворешни членови на Советот на експерти
- Други услуги – проценител, нотар
- Превод на текстови
- Лекторирање на текстови
- Надворешна ревизија
- Консултантски услуги
- Обуки за стручно усовршување
- Семинари и конференции
- Сертификација за ISMS-ISO 27001
- Ресертификација за ISO 9001
- Трошоци за одржување на обуки за агенти и
- Ревизија на лични податоци

Планираните расходи за Интелектуални и други услуги во 2017 година се пониски за 4,88% во однос на планираните расходи по истиот основ за 2016 година. Во планираните расходи за Интелектуални и други услуги за 2017 година во однос на планираните расходи за 2016 година, има намалување поради тоа што во 2017 година нема да има трошоци за безбедност и здравје при работа и здравствен преглед на вработените, поради тоа што такви прегледи веќе се извршени во 2016 година, а согласно Законот за безбедност и здравје при работа, работодавачот е должен на секои три години да им обезбеди проверка на оспособеноста за безбедност и здравје при работа.

## 2.14 Останати други расходи

На ставката Останати други расходи за 2017 година се планирани расходи во износ од 437.000 денари кои опфаќаат трошоци за објава на огласи и објави во весници, огласи за јавни набавки, надомест за добивање согласност од Советот за јавни набавки за објава на оглас, платени аконтации за данок на непризнаени расходи и останати јавни давачки кои се однесуваат на јавни/државни институции.

Планираните расходи за Останати други расходи во 2017 година се поголеми за 6,59% во однос на планираните расходи по истиот основ за 2016 година поради растечките трошоци за објава на огласи за јавни набавки и останати јавни давачки.

## 2.15 Средства за градежни објекти

На ставката Средства за градежни работи се предвидени трошоците за реализација на архитектонски решенија за реконструкција-кречење на деловниот простор на Агенцијата и реконструкција-кречење на деловниот објект. Вкупната проценетата вредност на таа категорија трошоци изнесува 120.000 денари.

За архитектонски решенија за реконструкција (кречење) на деловниот простор и реконструкција (кречење) на деловниот објект на Агенцијата, таа имаше планирани средства во планот за 2016 година, но тие активности не беа реализирани.

Планираните расходи за Средства за градежни објекти во 2017 година се во исто ниво како планираните расходи по истиот основ за 2016 година.

## 2.16 Средства за опрема

На ставката Средства за опрема за 2017 година се планирани расходи во износ од 5.050.000 денари. Во текот на 2017 година Агенцијата ќе има потреба за набавка на компјутерска опрема, набавка на опрема за снимање на телефонска линија за грижа на членовите во вториот и третиот столб на пензискиот систем и за надградба и модернизација на интегрираното решение за централен Backup на податоци.

Агенцијата телефонски секојдневно ги известува членовите за нивните права и им дава информации за пензискиот систем и примапоплаки од истите. Поради ова е неопходно Агенцијата да има можност за снимање на информациите кои таа ги разменила преку телефон со цел да се подобри системот на информирање на членовите, како и да се зголеми квалитетот на услугите што таа ги дава.

Агенцијата на државно ниво води база на податоци за регистрите на членови, преносите на средства и пензиските фондови за пензиски систем во вториот и третиот пензиски столб.

Својот информациски систем Агенцијата го темели на 3 (три) сервери и еден дисковен простор (storage) со дел за бекап, кои се набавени во 2006 година. Во 2016 година тие беа заменети со нови 2 сервери кои се потребни за работењето на базата на податоците. Во 2017 година се планира замена и на третиот сервер кој е потребен за бекап на податоците. Истите е дотрајан, сметководствено нема вредност, скап е за одржување и не би требало на него Агенцијата да ги изведува носечките процеси. Поради тоа треба да се замени со нов.

Планираните расходи за Средства за опрема во 2017 година во однос на планираните расходи по истиот основ за 2016 година се значително поголеми поради набавката на хардверската опрема за надградба и модернизација на интегрираното решение за централен Backup на податоци.

## 2.17 Други капитални средства

На ставката Други капитални средства за 2017 година се планирани расходи во износ од 730.000 денари за:

- Канцелариски мебел
- Windows лиценци
- Антивирусна заштита Checkpoint 4400 –годишна претплата
- Трошоци за користење на софтвер за организирање и полагање на испити за стекнување на својство на агент врз основа на договор помеѓу Влада на РМ и Агенцијата

Планираните расходи за Други капитални средства во 2017 година се пониски за 74,16% во однос на планираните расходи по истиот основ за 2016 година поради тоа што трошоците за компјутерски софтвер – нов софтвер во 2017 година се планира да се покриат со средствата од Резервен фонд наместо од оваа ставка.

Трошоците за канцелариски мебел се планирани за набавка на шкаф со полици и фиоки и столици за потребите на Агенцијата.

Трошоците за користење на софтвер за организирање и полагање на испити за стекнување на својство на агент произлегуваат од член 6 став (1) алинеја 2 од договорот склучен на 17.12.2013 година помеѓу Влада на Р.М и Агенцијата, согласно кој плаќањето се врши од сопствени средства на Агенцијата, како надомест предвиден за одржување и поддршка на системското решение.

## 2.18 Вкалкулирани плати и надоместоци

На ставката Вкалкулирани плати и надоместоци се планирани расходи во износ од 26.700.000 денари за бруто-плати согласно пополнети позиции во Правилникот за систематизација на работни места во Агенцијата, надоместоци за вработените и за останати помошти во согласност со закон и колективен договор.

## 2.19 Даноци и придонеси кои не зависат од резултат

На ставката Даноци и придонеси кои не зависат од резултат за 2017 година се планирани расходи во износ од 120.000 денари кои се однесуваат на трошоци за

персонален данок врз основа на исплатите за надоместоците за надворешните членови на Советот на екперти.

Планираните расходи за Даноци и придонеси кои не зависат од резултат во 2017 година се повисоки за 20% во однос на планираните расходи по истиот основ за 2016 година согласно проекциите за надоместоци и други трошоци на кои се плаќа персонален данок на доход..

Вкупно планираните расходи на Агенцијата во 2017 година се планира да изнесуваат 46.834.510 денари

## *3. ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ*

Врз основа на претходно презентираните податоци за планираните приходи и расходи од редовното работење на Агенцијата во 2017 година, се предвидува Агенцијата да го оствари следниот финансиски резултат:

(во денари)

| | |
|---|---|
| 1. Вкупно планирани тековни приходи | 47.149.000 |
| 2.Вкупно планирани тековни расходи | 46.834.510 |
| 3. Финансиски резултат од тековна година пред оданочување ( 1-2) кој се пренесува во резервен фонд | 314.490 |

Согласно член 56-а од Законот, доколку во текот на претходната деловна година Агенцијата оствари вишок приходи над остварените трошоци, остварениот вишок на средства се распределува во резервен фонд на Агенцијата во износ определен со финансискиот план на Агенцијата.

## III . РАСХОДИ КОИ ЌЕ СЕ ПОКРИЈАТ ОД РЕЗЕРВЕН ФОНД

Во оваа ставка износот, кој се планира да се финансира од средствата од резервен фонд за 2017 година, е 8.500.000 денари. Структурата на овие расходи е следна:

| | |
|---|---|
| -Компјутерски софтвер – нов софтвер | 6.500.000 денари |
| -Одржување на софтвер за втор и трет столб на пен.систем | 2.000.000 денари |
| Вкупно | 8.500.000 денари |

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување како супервизорско тело е централен дел од поврзан информатички систем преку кој се извршуваат деловните процеси на пензискиот систем на Република Македонија.

Средствата за Компјутерскиот софтвер-нов софтвер ќе бидат наменети за додавање на нови функционалности и промени во софтверските апликации кои се однесуваат на воспоставување на систем за управување со безбедност на информации за авторизација и неотповикливост на корисниците. Планираните дополнувања и промени се поради исполнување на законски обврски и постапување по консултантски препораки од надворешни ревизии. Функционалностите за авторизација и неотповикливост на корисниците претставуваат трајно зачувување на сите акции преземени од корисниците на соодветните системи, трајно зачувување на податоците до кои корисниците имале пристап т.е. логирање со цел овозможување на неотповикливост на пристапот кон нив од страна на корисникот во случај на идни спорни ситуации (на пример, протекување на податоци). Набавките ќе се реализираат согласно Законот за јавни набавки. Тие се сметаат за инвестициски активности со оглед на подолгиот век на траење и големината на вредноста на средствата.

**АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ**
**АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

Табела1

| Р.бр. | ОПИС | ОДОБРЕНО 2016 | 2016 ГОДИНА | | | ПЛАН 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Остварено до 30.11.2016 | Проценка од 01.12 до 31.12.2016 | Вкупно 2016 година | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6=4+5 | 8 |
| **А** | **ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ** | **44.136.000** | **44.092.485** | **4.369.668** | **48.462.153** | **47.149.000** |
| 1 | Месечен надомест од придонеси | 41.065.000 | 41.126.806 | 4.112.681 | 45.239.487 | 43.889.000 |
| 2 | Административни надоместоци | 2.600.000 | 2.507.371 | 250.737 | 2.758.108 | 2.600.000 |
| 3 | Приходи од камати | 471.000 | 458.308 | 6.250 | 464.558 | 660.000 |
| **Б** | **ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ** | **43.450.920** | **32.787.089** | **6.733.559** | **39.520.648** | **46.834.510** |
| **1** | **ПОТРОШЕНИ МАТЕРИЈАЛИ** | **750.000** | **465.472** | **168.400** | **633.872** | **810.000** |
| 1.1. | Гориво | 500.000 | 295.201 | 98.400 | 393.601 | 480.000 |
| 1.2. | Канцелариски материјали | 120.000 | 115.750 | 30.000 | 145.750 | 200.000 |
| 1.3. | Тонери | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |
| 1.4. | Ситен инвентар | 100.000 | 54.521 | 40.000 | 94.521 | 100.000 |
| **2** | **ПОТРОШЕНА ЕНЕРГИЈА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ** | **1.450.000** | **1.216.859** | **210.000** | **1.426.859** | **1.450.000** |
| 2.1. | Електрична енергија | 650.000 | 489.395 | 160.000 | 649.395 | 650.000 |
| 2.2. | Вода, други комунални трошоци и парно греење | 800.000 | 727.464 | 50.000 | 777.464 | 800.000 |
| **3** | **ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА** | **90.000** | **0** | **0** | **0** | 210.000 |
| 3.1. | Набавка на резервна боца и ревизија на системот за пожар | 90.000 | 0 | 0 | 0 | 180.000 |
| 3.2. | Учество на трошоците на ФЗОМ-Фондот за здравствено осигурување на Македонија | 0 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |

| Р.бр. | ОПИС | ОДОБРЕНО 2016 | 2016 ГОДИНА | | | ПЛАН 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Остварено до 30.11.2016 | Проценка од 01.12 до 31.12.2016 | Вкупно 2016 година | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6=4+5 | 8 |
| **4** | **ДРУГИ УСЛУГИ** | **6.125.000** | **4.545.674** | **1.145.153** | **5.690.827** | **4.380.000** |
| 4.1. | Одржување на софтвер за втор и трет столб на пензискиот систем | 1.300.000 | 866.664 | 354.000 | 1.220.664 | 0 |
| 4.2. | Одржување на софтвер за архива | 150.000 | 136.871 | 12.390 | 149.261 | 150.000 |
| 4.3. | Одржување на софтвер за сметководство | 150.000 | 74.340 | 32.922 | 107.262 | 150.000 |
| 4.4. | Одржување на ИБМ хардверска опрема | 1.200.000 | 999.990 | 199.998 | 1.199.988 | 400.000 |
| 4.5. | Услуги за секундарна локација | 1.200.000 | 1.004.016 | 112.402 | 1.116.418 | 1.200.000 |
| 4.6. | Поштенски пратки | 350.000 | 262.962 | 87.654 | 350.616 | 600.000 |
| 4.7. | Хигиенско одржување на простории | 290.000 | 263.616 | 27.000 | 290.616 | 300.000 |
| 4.8. | Телефонски комуникациски услуги | 550.000 | 334.936 | 191.392 | 526.328 | 550.000 |
| 4.9. | Услуги за печатење,копирање и ковертирање на писма | 250.000 | 170.705 | 56.902 | 227.607 | 350.000 |
| 4.10. | Надомест за паркинг простор | 30.000 | 26.400 | 0 | 26.400 | 30.000 |
| 4.11. | Кабловска телевизија | 10.000 | 10.996 | 0 | 10.996 | 0 |
| 4.12. | Одржување и сервисирање на возила | 350.000 | 193.506 | 51.500 | 245.006 | 350.000 |
| 4.13. | Одржување на техничка опрема | 20.000 | 9.004 | 10.000 | 19.004 | 60.000 |
| 4.14. | Поправки на деловен објект | 60.000 | 17.987 | 8.994 | 26.981 | 60.000 |
| 4.15. | Програмирање на веб страната на Агенцијата | 35.000 | 33.040 | 0 | 33.040 | 0 |
| 4.16. | Организирање настани за потребите на Агенцијата | 180.000 | 140.641 | 0 | 140.641 | 180.000 |
| **5** | **ПРЕВОЗНИ -ТРАНСПОРТНИ УСЛУГИ** | **120.000** | **68.452** | **22.817** | **91.269** | 120.000 |
| 5.1. | Превозни-транспортни услуги | 120.000 | 68.452 | 22.817 | 91.269 | 120.000 |

| Р.бр. | ОПИС | ОДОБРЕНО 2016 | 2016 ГОДИНА | | | ПЛАН 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Остварено до 30.11.2016 | Проценка од 01.12 до 31.12.2016 | Вкупно 2016 година | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6=4+5 | 8 |
| **6** | **ИЗДАТОЦИ ЗА РЕКЛАМА И РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА** | **920.000** | **265.873** | **132.937** | **398.810** | **1.000.000** |
| 6.1. | Репрезентација | 500.000 | 222.939 | 111.470 | 334.409 | 500.000 |
| 6.2. | Услуги за рекламирање и печатење на рекламен материјал | 420.000 | 42.934 | 21.467 | 64.401 | 500.000 |
| **7** | **НАЕМНИНИ (ЗАКУПНИНИ)** | **280.000** | **166.503** | **46.513** | **213.016** | **1.080.000** |
| 7.1. | Изнајмување на сали и амфитеатри | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |
| 7.2. | Закуп на интернет линија | 150.000 | 122.641 | 24.582 | 147.223 | 180.000 |
| 7.3. | Изнајмување на друга опрема | 100.000 | 43.862 | 21.931 | 65.793 | 120.000 |
| 7.4. | Наем (лизинг) на возила | 0 | 0 | 0 | 0 | 750.000 |
| **8** | **ДРУГИ МАТЕРИЈАЛНИ УСЛУГИ** | **590.000** | **364.731** | **111.058** | **475.789** | **490.000** |
| 8.1. | Набавка на списанија,стручна литература,весници и слично | 100.000 | 61.140 | 30.570 | 91.710 | 100.000 |
| 8.2. | Плаќање надоместок за размена берзански податоци и благајна-материјални трошоци | 300.000 | 231.280 | 50.000 | 281.280 | 300.000 |
| 8.3. | Трошоци за набавка на средства за хигиена | 35.000 | 29.700 | 5.400 | 35.100 | 35.000 |
| 8.4. | Техничко и патролно обезбедување на просториите на Агенцијата | 35.000 | 27.984 | 5.088 | 33.072 | 35.000 |
| 8.5. | Трошоци за регистрација и технички преглед на моторни возила | 21.000 | 10.027 | 0 | 10.027 | 10.000 |
| 8.6. | Други услуги- услуги за дератизација и дезинфекција | 10.000 | 4.600 | 0 | 4.600 | 10.000 |
| 8.7. | Авто гуми | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **9** | **ПРОВИЗИЈА ЗА ПЛАТЕН ПРОМЕТ** | **30.000** | **27.499** | **2.000** | **29.499** | **35.000** |
| 9.1. | Провизија за платен промет и банкарска провизија за откуп на девизи | 30.000 | 27.499 | 2.000 | 29.499 | 35.000 |

| Р.бр. | ОПИС | ОДОБРЕНО 2016 | 2016 ГОДИНА | | | ПЛАН 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Остварено до 30.11.2016 | Проценка од 01.12 до 31.12.2016 | Вкупно 2016 година | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6=4+5 | 8 |
| **10** | **ПРЕМИИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ** | **190.000** | **84.949** | **65.000** | **149.949** | **190.000** |
| 10.1. | Осигурување на вработените и патничко осигурување за службени патувања во странство | 70.000 | 1.584 | 65.000 | 66.584 | 70.000 |
| 10.2. | Осигурување на деловен објект од незгоди | 30.000 | 19.927 | 0 | 19.927 | 30.000 |
| 10.3. | Осигурување на службени возила | 90.000 | 63.438 | 0 | 63.438 | 90.000 |
| **11** | **ПАТНИ И ДНЕВНИ РАСХОДИ** | **1.250.000** | **552.405** | **365.000** | **917.405** | **1.250.000** |
| 11.1. | Службен пат во земјата | 250.000 | 204.360 | 0 | 204.360 | 250.000 |
| 11.2. | Службен пат во странство | 1.000.000 | 348.045 | 365.000 | 713.045 | 1.000.000 |
| **12** | **ЧЛЕНАРИНИ** | **381.000** | **379.350** | **0** | **379.350** | **468.000** |
| 12.1. | Годишна членарина за ИОПС | 341.000 | 339.350 | 0 | 339.350 | 341.000 |
| 12.2. | Годишна членарина за ОРМ | 40.000 | 40.000 | 0 | 40.000 | 40.000 |
| 12.3. | Годишна членарина за 2016 и 2017 година во ИНФЕ-ОЕЦД | 0 | 0 | 0 | 0 | 87.000 |
| **13** | **ИНТЕЛЕКТУАЛНИ И ДРУГИ УСЛУГИ** | **2.307.010** | **1.150.546** | **252.012** | **1.402.558** | **2.194.510** |
| 13.1. | Надомест за надворешни членови на Советот на експерти | 800.000 | 608.570 | 55.502 | 664.072 | 800.000 |
| 13.2. | Други услуги-проценител, нотар | 10.000 | 10.996 | 0 | 10.996 | 10.000 |
| 13.3. | Преведувачки услуги | 200.000 | 77.450 | 10.000 | 87.450 | 300.000 |
| 13.4. | Лекторирање на текст | 30.000 | 2.524 | 2.000 | 4.524 | 10.000 |
| 13.5. | Надворешна ревизија | 150.000 | 113.280 | 0 | 113.280 | 150.000 |
| 13.6. | Консултантски услуги | 50.000 | 20.556 | 0 | 20.556 | 50.000 |
| 13.7. | Обуки за стручно усовршување | 400.000 | 77.444 | 50.000 | 127.444 | 300.000 |
| 13.8. | Семинари и конференции | 200.000 | 24.479 | 60.000 | 84.479 | 200.000 |
| 13.9. | Трошоци за одржување на обуки за едукација на агенти | 150.000 | 29.449 | 0 | 29.449 | 150.000 |
| 13.10. | Ревизија на лични податоци | 0 | 0 | 0 | **0** | 150.000 |

| Р.бр. | ОПИС | ОДОБРЕНО 2016 | 2016 ГОДИНА | | | ПЛАН 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Остварено до 30.11.2016 | Проценка од 01.12 до 31.12.2016 | Вкупно 2016 година | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6=4+5 | 8 |
| 13.11. | Трошоци за безбедност и здравје при работа | 180.000 | 74.573 | 0 | 74.573 | 0 |
| 13.12. | Здравствен преглед на вработените | 100.000 | 74.250 | 0 | 74.250 | 0 |
| 13.13. | Сертификација ИСМС-ИСО 27001 | 37.500 | 0 | 37.500 | 37.500 | 37.500 |
| 13.14. | Ресертификација ИСО 9001 | 37.010 | 37.005 | 0 | 37.005 | 37.010 |
| **14** | **ОСТАНАТИ ДРУГИ РАСХОДИ** | **410.000** | **369.079** | **85.000** | **454.079** | **437.000** |
| 14.1. | Објава на огласи | 50.000 | 44.540 | 5.000 | 49.540 | 60.000 |
| 14.2. | Надомест за стручно мислење од Советот за јавни набавки | 250.000 | 152.300 | 80.000 | 232.300 | 250.000 |
| 14.3. | Платени аконтации за данок на непризнаени расходи | 100.000 | 157.367 | 0 | 157.367 | 100.000 |
| 14.4. | Останати јавни давачки | 10.000 | 14.872 | 0 | 14.872 | 27.000 |
| **15** | **СРЕДСТВА ЗА ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ** | **120.000** | **0** | **0** | **0** | **120.000** |
| 15.1. | Архитектонски решенија | 20.000 | 0 | 0 | 0 | 20.000 |
| 15.2. | Реконструкција-кречење | 100.000 | 0 | 0 | 0 | 100.000 |
| **16** | **СРЕДСТВА ЗА ОПРЕМА** | **200.000** | **7.600** | **190.000** | **197.600** | **5.050.000** |
| 16.1. | Компјутерска опрема | 200.000 | 7.600 | 190.000 | 197.600 | 200.000 |
| 16.2. | Набавка на опрема за снимање на телефонската линија за членство | 0 | 0 | 0 | 0 | 50.000 |
| 16.3. | Надградба и модернизација за интегрираното решение за централен Backup на податоци | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.800.000 |

| Р.бр. | ОПИС | ОДОБРЕНО 2016 | 2016 ГОДИНА | | | ПЛАН 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Остварено до 30.11.2016 | Проценка од 01.12 до 31.12.2016 | Вкупно 2016 година | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6=4+5 | 8 |
| **17** | **ДРУГИ КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА** | **2.825.010** | **2.639.649** | **59.216** | **2.698.865** | **730.000** |
| 17.1. | Канцелариски мебел | 30.000 | 0 | 0 | 0 | 30.000 |
| 17.2. | Windows лиценци | 190.000 | 102.480 | 0 | 102.480 | 60.000 |
| 17.3. | Антивирусна заштита | 360.000 | 351.640 | 0 | 351.640 | 590.000 |
| 17.4. | Веб ССЛ Сертификат | 55.010 | 0 | 55.010 | 0 | 0 |
| 17.5. | Учество во набавка на софтвер за организирање и полагање на испит за агенти | 190.000 | 21.030 | 4.206 | 25.236 | 50.000 |
| 17.6. | Компјутерски софтвер - нов софтвер | 2.000.000 | 2.164.499 | 0 | 2.164.499 | 0 |
| **18** | **ВКАЛКУЛИРАНИ ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **25.312.900** | **20.379.083** | **3.872.287** | **24.251.370** | **26.700.000** |
| 18.1. | Вкалкулирани плати | 23.312.900 | 19.294.435 | 3.858.887 | 23.153.322 | 25.500.000 |
| 18.2. | Надоместоци и останати помошти согласно со закон и колективен договор | 2.000.000 | 1.084.648 | 13.400 | 1.098.048 | 1.200.000 |
| **19** | **ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСКИ КОИ НЕ ЗАВИСАТ ОД РЕЗУЛТАТ** | **100.000** | **92.157** | **6.166** | **98.323** | **120.000** |
| 19.1. | Персонален данок за надоместоците за надворешните членови на Советот на експерти | 100.000 | 92.157 | 6.166 | 98.323 | 120.000 |
| **20** | ***ВКУПНИ ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ*** | **43.450.920** | **32.787.089** | **6.676.549** | **39.463.638** | **46.834.510** |

Табела 2

| ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ | |
|---|---|
| ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ТЕКОВНИ ПРИХОДИ | 47.149.000 |
| ВКУПНО ПЛАНИРАНИ ТЕКОВНИ РАСХОДИ | 46.834.510 |
| **ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД ТЕКОВНА ГОДИНА ПРЕД ОДДАНОЧУВАЊЕ (1-2) КОЈ СЕ ПРЕНЕСУВА ВО РЕЗЕРВЕН ФОНД** | **314.490** |

Табела 3

| РАСХОДИ КОИ ЌЕ СЕ ПОКРИЈАТ ОД РЕЗЕРВЕН ФОНД | |
|---|---|
| Компјутерски софтвер – нов софтвер | 6.500.000 |
| Одржување на софтвер за втор и трет столб на пензискиот систем | 2.000.000 |
| **ВКУПНО** | **8.500.000** |

Претседател на Советот на експерти,

Д-р. Булент Дервиши